

Успешно завршен проектот насловен „Социјална кохезија преку воспоставување на активности во центри по интереси“ кој се реализираше во период од 22 месеци во СОУ„М.М. Брицо“.

Со почеток во 13:00 часот во гиманзијата М.М. Брицо се одржа завршен настан од проектот за прекугранична соработка од чија реализација гимназијата доби целосно изградени 6 нови училници и едносменско работење.

Пред присутните гости од меѓу кои градоначалникот Дарко Шехтански, колегите од град Благоевград, Р.Бугарија како и исте оние кои на некаков начин допринеле за иститот да се реализира, директорката Билјана Петровска на кратко во своето излагање го обајсни целиот процес за реализација на овој проект, самите почетоци, предизвиците со кои се соочиле тимовите кои работеле на истиот.

Во склоп на „меките мерки“ од самиот проект  формирани се клубови за воннаставни активности преку кои се спроведува социјалната кохезија. По желба на самите ученици формирани се клубови по претприемништво, спорт, странски јазици и новинарство, екологија, информатичка технологија, музика и ликовна уметност.

Социјална кохезија се одвиваше и меѓу воспитно образовниот кадар од двете училишта преку обуки спроведени во Делчево и Благоевград на теми „Професионална ориентација“ и преку размената на искуства на раководителите на клубовите и презентирањето на нивните воннаставни активности.








2007CB16IPO007
"Social cohesion through establishment of activity centres of interest"
Implemented by:
- Secondary Municipal School "Metodi Mitevski Brico", Delcevo
- 7 Secondary School "Kuzman Shapkarev", Blagoevgrad
„Социјална кохезија преку основање на центри за активност од интерес"
Имплементиран од:
- Средно Општинско Училиште „Методи Митевски Брицо", Делчево
- 7 Средно училиште „Кузман Шапкарев", Благоевград
No. 2007CB16IPO007-2012-3-012
SCHOLARS
The project is co-funded by EU trough the IPA Cross-Border Programme CCI number 2007CB16IPO007